РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01 - 123/1
20.02 20 26 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА 2026 ГОДИНА

# ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАСПРЕДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ПО ПРОЕКТИ

## А) ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКА И МУЗИЧКО –СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ – 9.000.000

1. НОБ И НАЦИОНАЛЕН ЏЕЗ ОРКЕСТАР – КОНЦЕРТ ПО ПОВОД „ВАСИЛИЦА“- „ДИСКО ВЕЧЕР“

Проектот предвидува заеднички концерт на Националниот џез оркестар и Националната опера и балет, по повод празникот „Василица“, со тематска програма насловена „Диско вечер“. Концертот претставува стилска фузија помеѓу симфониски звук, биг бенд естетика и популарниот диско израз од 70-тите и 80-тите години.

2. КОНЦЕРТ НА НАЦИОНАЛЕН ЏЕЗ ОРКЕСТАР СО ГУДАЧКИ АНСАМБЛ

Проектот предвидува реализација на концерт на Националниот џез оркестар заедно со Гудачки ансамбл составен од музичари на Национална опера и балет. Станува збор за внимателно концепиран уметнички проект чија цел е создавање нова звучна синтеза преку интеграција на биг бенд естетиката со симфониската оркестрација.

Концертот ќе се реализира под диригентство на маестро Џијан Емин, а програмата ќе опфати авторски композиции од современи македонски композитори и аранжери: Трајче Велков, Гордан Спасовски, Зоран Костадиновски, Џијан Емин, Гоце Стевковски, Сашко Николовски и Георги Шарески.

3. КОНЦЕРТ НА НАЦИОНАЛЕН ЏЕЗ ОРКЕСТАР СО РЕНАТО КИКО

Проектот предвидува реализација на концерт на Националниот џез оркестар со реномираниот пијанист и органист Renato Chicco, кој ќе се одржи на 19 февруари 2026 година во просториите на Национална опера и балет, под диригентство на маестро Џијан Емин.

Ренато Кико е уметник чиј музички израз се формирал во рамки на њујоршката џез-сцена во 1990-тите години. Како член на оркестарот на Lionel Hampton и музички директор на Jon Hendricks & Company, тој активно учествувал во афирмацијата и продолжувањето на американската биг-бенд традиција. Во текот на својата кариера настапувал во реномирани џез-клубови како Blue Note Jazz Club и Birdland, градејќи препознатлив авторски и изведувачки идентитет.

Концертот ќе ја претстави програмата од неговиот проект и албум *First Encounter – Organ & Big Band*, кој го поставува звукот на хамонд-оргулите во центарот на современиот биг-бенд израз. Делата се базираат на оригинални композиции и специјално напишани

аранжмани, во кои инструментот орган добива рамноправна, солистичка и оркестарска улога, создавајќи нова звучна динамика и современа стилска синтеза.

Како специјален гостин ќе настапи и бубњарот Andy Watson (Њујорк), истакнат претставник на американската џез-сцена, соработник на ансамбли како Vanguard Jazz Orchestra и Toshiko Akiyoshi Big Band. Неговиот препознатлив ритмички израз и стилска прецизност претставуваат значаен сегмент од звучниот идентитет на проектот.

4. КОНЦЕРТ НА НАЦИОНАЛЕН ЏЕЗ ОРКЕСТАР СО МАЈК ХОЛОБЕР

Проектот предвидува реализација на концертна изведба на современото дело *This Rock We're On: Imaginary Letters* од реномираниот американски композитор, аранжер и диригент Мајк Холобер, кој ќе настапи како гостин-диригент на Националниот џез оркестар.

Станува збор за концептуално обликувано дело за џез оркестар, вокал, виолончело и перкусии, кое тематски претставува музичка рефлексија за убавината на природата и одговорноста на човекот кон планетата.

Во рамките на концертот ќе настапат и домашни солисти – Андријана Јаневска (вокал), Кирил Јосифов (виолончело) и Влатко Нушев (вибрафон и перкусии).

5. КОНЦЕРТ НА НАЦИОНАЛЕН ЏЕЗ ОРКЕСТАР СО АЛАН ПЕРЕЗ

Проектот предвидува концертна соработка на Националниот џез оркестар со истакнатиот кубански басист, композитор и вокалист Alain Pérez – еден од најрелевантните претставници на современата афро-кубанска и латин-џез сцена.

Концертната програма ќе биде составена од авторски композиции и аранжмани на Алан Перез, специјално адаптирани за биг-бенд формат, во кои се интегрираат елементи на афро-кубанска традиција, салса, латин џез и современ оркестарски израз.

6. ФЕСТИВАЛ „TODAY IT'S ALL ABOUT JAZZ" VOL. 10

Проектот предвидува организација на десеттото издание на манифестацијата „Today It's All About Jazz", централниот настан во Македонија по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на џезот – 30 април, прогласен од UNESCO како глобална иницијатива за афирмација на џезот како универзален јазик на мирот, дијалогот и културната размена.

Националниот џез оркестар традиционално ја реализира оваа манифестација како повеќечасовен џез-настан, кој обединува повеќе домашни и меѓународни уметници, ансамбли и авторски проекти.

Со реализацијата на фестивалот „Today It's All About Jazz", Националниот џез оркестар ја продолжува својата улога како носител на современата џез продукција во земјата и активен чинител во меѓународното одбележување на овој значаен датум од светскиот културен календар.

7. ГОСТУВАЊЕ ВО КИЧЕВО – „КИЧЕВО ГРАД НА КУЛТУРАТА 2026“

Националниот џез оркестар ќе гостува во Кичево со концертво рамките на манифестацијата „Кичево град на културата 2026“.

8. КОНЦЕРТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Проектот предвидува самостоен концерт на оркестарот во Гевгелија, со внимателно селектирана програма што комбинира традиционален биг бенд репертоар и современи авторски дела.

9. КОНЦЕРТ ВО СТРУМИЦА

Проектот предвидува самостоен концерт на Националниот џез оркестар во Струмица, со програма која внимателно комбинира традиционален биг-бенд репертоар и современи авторски композиции.

10. НАЦИОНАЛЕН ЏЕЗ ОРКЕСТАР И СТУДЕНТИ

Проектот претставува едукативно-уметничка иницијатива насочена кон поддршка и афирмација на младите џез музичари во Македонија, преку нивно активно вклучување во професионален концертен процес заедно со членовите на Националниот џез оркестар.

Во рамките на проектот ќе настапат студенти од Факултет за музичка уметност – Скопје и Џез академија – Штип, кои ќе имаат можност да учествуваат во пробен процес, менторска работа и јавна концертна изведба во соработка со професионален биг-бенд ансамбл. Проектот претставува платформа за директен трансфер на знаење, искуство и професионални стандарди од етаблирани уметници кон новата генерација музичари.

11. КОНЦЕРТ НА НАЦИОНАЛЕН ЏЕЗ ОРКЕСТАР НА „ОХРИДСКО ЛЕТО“ 2026

Во рамките на фестивалот Охридско лето, оркестарот ќе реализира специјално конципирана програма, соодветна на престижот и меѓународниот карактер на фестивалот.

12. КОНЦЕРТ НА НАЦИОНАЛНИОТ ЏЕЗ ОРКЕСТАР СО ДЕН ПУГАЧ

Проектот предвидува реализација на концерт на Националниот џез оркестар со реномираниот тапанар, композитор и аранжер Dan Pugach, кој ќе настапи како солист и автор на програмата.

Концертот ќе биде посветен на негови оригинални композиции и аранжмани за биг-бенд формат, во кои се препознава современ пристап кон традицијата на големиот џез ансамбл.

13. САШКО НИКОЛОВСКИ – ЧЕТИРИ ДЕЦЕНИИ МУЗИКА И ИНСПИРАЦИЈА

Проектот претставува свечен концерт посветен на 40-годишната кариера на реномираниот тромбонист, аранжер и музички уметник Сашко Николовски, една од најзначајните фигури на македонската џез и сценска музика.

14. СЛАВЕ ДИМИТРОВ – Jubilee

Проектот претставува свечен концерт посветен на значајната и плодна кариера на македонскиот композитор, пејач, аранжер и музички продуцент Славе Димитров, чија уметничка дејност остави неизбришлива трага во развојот на македонската музичка култура.

15. КОНЦЕРТ НА НАЦИОНАЛНИОТ ЏЕЗ ОРКЕСТАР СО ВИНС МЕНДОЗА

Проектот предвидува реализација на специјален концерт на Националниот џез оркестар со меѓународно признатиот американски композитор, аранжер и диригент Vince Mendoza.

16. НОВОГОДИШЕН ДЕТСКИ ЏЕЗ КОНЦЕРТ

Проектот претставува специјален концерт на Националниот џез оркестар посветен на најмладата публика, со цел промоција на џезот како форма на музичко образование и културна забава за деца.

17. КОНЦЕРТ НА НАЦИОНАЛНИОТ ЏЕЗ ОРКЕСТАР СО ЏОН ИЛИЈА АПЕЛГРЕН - New Year's Special

Проектот предвидува специјален новогодишен концерт на Националниот џез оркестар со истакнатиот македонски џез вокалист, композитор и аранжер Џон Илија Апелгрен. Концертот ќе понуди празнична програма прилагодена за новогодишна атмосфера, каде Апелгрен ќе настапи како солист заедно со Националниот џез оркестар.

18. ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

**Б) ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМА 90, МЕЃУНАРОДНА ДЕЈНОСТ – 1.700.000**

1. ON THE ROAD – ГОСТУВАЊЕ ВО КОРЧА, АЛБАНИЈА

Гостување на Националниот џез оркестар во Корча, Албанија по покана од стран на Korca BreathOn Festival.

2. ON THE ROAD – ГОСТУВАЊЕ ВО БУГАРИЈА

Концертна турнеја во Бугарија, во соработка со локални културни институции и фестивали, со репертоар кој ги претставува најрепрезентативните проекти на оркестарот.

3. ON THE ROAD – ГОСТУВАЊЕ ВО ПОРТУГАЛИЈА

Проектот предвидува настап на Националниот џез оркестар во Португалија, на Guimarães Jazz Festival 2026, по покана од фестивалот, заедно со светски признатиот вокалист и композитор Kurt Elling. За овој концерт ќе биде подготвена програма која ги вклучува неговите најзначајни композиции, специјално аранжирани за голем џез ансамбл.

Гове Стевковски,

Директор на НУ Оркестар за џез музика